ЛЕКЦИЈА 08

# ШТО Е СТИЛ?

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење го воведува поимот стил. Учесниците ќе научат за поимот стил, ќе дискутираат за неколку аспекти и видови на пишување и стил: дикција, структура, тон, нарација, граматика и слично.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Стил, Нарација, Пишување, Идеи*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за тоа што е стил од mediactiveyouth.net*
- *Prezi презентација*
- *Media Literacy now YouTube канал*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Целта на оваа лекција е учесниците да ја разберат важноста на стилот и доброто пишување, да ги усвојат основните начини на размислување за логиката на нивниот стил и да го подобрат начинот на кој ги презентираат идеите во нивното пишување.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците подобро ќе ја разберат важноста на стилот и доброто пишување, ќе научат некои „трикови" т.е. начини на размислување за логиката на нивниот стил и ќе го подобрат начинот на кој ги презентираат идеите во нивното пишување.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на темата. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, ги потсетува учесниците на претходната лекција за основните правила на пишување; подготви PowerPoint/Prezi презентација; различни наставни методи: предавање, дискусија, групна работа, саморефлексија.

**Заедничко учење** – првите 20 минути едукаторот ги запознава учесниците со некои поими за стилот: тој/тој зборува за улогата на наоѓање личен, единствен глас, кој најмногу ви одговара и нуди примери за тоа како истата информација може да се пренесе на различни начини.

1. Таа ја подигна црвената роза од земја.
2. Скарлет беше таа што ја зема розата од земјата.
3. Од земја нежно ја откина розата, лулкајќи ја во рацете како да е скапоцен камен.

Потоа следи кратка дискусија за поединечните елементи на стилот: дикција, реченица, тон, наратор, граматика и креативни средства/стилски фигури.

**25-55 минути: Во следните половина час едукаторот нуди неколку примери за добро и лошо пишување и дава вежба** – стилот може јасно да изрази комплицирани идеи (добар стил), јасно да изрази едноставни идеи (исто така добар стил), но исто така и да ги комплицира едноставните идеи (лош стил). Потоа, едукаторот воведува 4те примери на кратки текстови и бара од учесниците да погодат кој од нив е пример за добар, а кој за лош стил. Потоа, тие се поделени во групи и се бара да се обидат да ја преформулираат основната идеја на примерите во 1-2 јасни реченици.

Предложените примери се избрани од основните дела за стил, како што се Елементите на стилот од Strunk&White и Стил од Џозеф Вилијамс.

Учесниците потоа се упатуваат сами да користат онлајн квиз за да вежбаат и да го консолидираат своето знаење за стилот преку Moodle/Kahoot.

**55-60 минути: Заклучок:** Направете кратко резиме за лекцијата и поставете неколку прашања кои помагаат во потенцирање на најважните пораки што би сакале да ги дадете.

## МАТЕРИЈАЛИ/ АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/десктоп, интернет конекција,Moodle/Kahoot.

PowerPoint/Prezi презентација која е збогатена со визуелни материјали (слики и видео клипови) и фактички информации засновани на истражување, апликација за примање и прикажување заеднички информации/одговори.